| FA0 | УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ (КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ) | 33.200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 33.200.000 |
| FD0 | УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОР ВО РУРАЛНИ ПОДРАЧЈА (КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ) | 46.300.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 46.300.000 |
| JD0 | ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ | 51.000.000 | 0 | 0 | 0 | 16.759.957 | 67.759.957 |
| **70451** | **Копнен транспорт** | **4.500.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **4.500.000** |
| JE0 | ИЗГРАДБА НА ПРОСТОР ЗА ПАРКИРАЊЕ | 4.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4.000.000 |
| JF0 | ИЗГРАДБА НА СООБРАКАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА | 500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 500.000 |
| **70560** | **Заштита на животната средина** | **87.331.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **87.331.000** |
| J40 | ЈАВНА ЧИСТОТА | 8.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 8.000.000 |
| J70 | ОДРЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО | 4.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4.000.000 |
| JI0 | ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ОДВЕДУВАЊЕ И ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ | 14.301.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 14.301.000 |

| Функц.код Потпрограм | О П И С | Буџет | Самофинан. активности | Дотации | Донации | Кредити | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| JIA | ИЗГРАДБА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО РЕОНОТ НА с.ВОЛКОВО | 60.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 60.000.000 |
| R10 | ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРИРОДА | 1.030.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.030.000 |
| **70620** | **Развој на заедницата** | **2.900.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **2.900.000** |
| G10 | ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ | 1.400.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.400.000 |
| JN0 | УРБАНА ОПРЕМА (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ) | 1.500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.500.000 |
| **70630** | **Водоснабдување** | **21.500.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **21.500.000** |
| JG0 | ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ | 21.500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 21.500.000 |
| **70640** | **Улично осветлување** | **25.500.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **25.500.000** |
| J30 | ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ | 23.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 23.000.000 |
| JA0 | ИЗГРАДБА НА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ | 2.500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.500.000 |
| **70810** | **Спортски и рекреативни услуги** | **13.665.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **13.665.000** |
| L00 | СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА | 6.665.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 6.665.000 |
| LA0 | СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА (КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ) | 7.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 7.000.000 |
| **70820** | **Услуги за културата** | **5.931.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **5.931.000** |
| K20 | МУЗИЧКА И СЦЕНСКО - УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ | 5.581.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5.581.000 |
| KA0 | КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО (КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ) | 350.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 350.000 |
| **70912** | **Основно образование** | **8.063.000** | **5.048.500** | **123.272.000** | **0** | **0** | **136.383.500** |
| N10 | ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ | 8.063.000 | 5.048.500 | 123.272.000 | 0 | 0 | 136.383.500 |
| **71090** | **Друга социјална заштита** | **6.400.000** | **14.000.000** | **31.373.000** | **0** | **0** | **51.773.000** |
| V10 | ДЕТСКИ ГРАДИНКИ | 6.400.000 | 14.000.000 | 31.373.000 | 0 | 0 | 51.773.000 |

Член 4

Буџетот на општината за 2014 година влегува во сила со денот на објавување во " Службен гласник на општина Ѓорче Петров ", а ќе се применува од 01 Јануари 2014 година.

Бр. 07-3991/3
18.12.2013 год.
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на општина Ѓорче Петров
Александар Стојкоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за извршување на Буџет на Општина Ѓорче Петров за 2014 година**

Се објавува Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2014 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четернаесетата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 18.12.2013 година.

**Број 08-4108/2**
**од 19.12.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 и 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/02), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр. 61/04, 96/04, 67/0, 156/09 и 47/11), член 20 и 22 од Законот за изменување и дополнување на законот за буџети(Сл.весник на Р.М. бр.4/08), член 15 од Законот за извршување на буџет(Сл.весник на Р.М. 180/11), член 43 од Законот за државни службеници (Сл.весник на Р.М. бр.59/00), член 17 од Закон за измени и дополнувања на Законот за државни службеници (Сл.весник на Р.М. бр.114/09), членовите 1, 3, 29-а, 29в, 29г и 29д од Законот за изменување и дополнување на Законот за плати и други надоместоци на пратениците во Собранието на Р.М. и други избрани и именувани лица во Р.М.(Сл.весник на Р.М. бр. 121/07, 42/10), член 9 од Законот за исплата на платите во Република Македонија(Сл. Весник на Р.М. 70/94), член 1 од Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници(Сл.весник на Р.М. бр. 115/07) и член 16 точка 37 од Статутот на Општината Ѓорче Петров ("Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр. 05/06 ), Советот на ОпштинаЃорче Петров на 14-та седница одржана на 18.12.2013 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за извршување на Буџетот на Општината Ѓорче Петров**
**за 2014 година**

**Член 1**

Буџетот на Општината Ѓорче Петров за 2014 година (во понатамошниот текст Буџетот), се извршува според одредбите на оваа Одлука.

**Член 2**

Буџетот на Општината се состои од : Општ, посебен и развоен дел:

- општиот дел ги содржи вкупните приходи и други приливи и вкупните расходи и други одливи на буџетот за фискалната година, како и глобални проекции на приходите, приливите, расходите и одливите за наредните две години,
- посебниот дел содржи план на одобрени средства на буџетските корисници по програми и ставки за финансиската година и

Буџетот на Општината е консолидиран и се состои од: Основен буџет; Буџет на самофинансирачки активности; Буџет на донации; Буџет на дотации и Буџет на кредити.

Планот на програмите за развој ги содржи среднорочните проекции на одобрени средства по:

- одделни буџетски програми и подпрограми,
- години во кои истите ќе се реализираат и
- изворите на финансирање, односно буџети.

**Член 3**

Корисниците на средствата на Буџетот се должни утврдените средства во Буџетот да ги користат наменски, рационално и економично.

**Член 4**

Расходите утврдени со буџетот се максимални износи над кои буџетските корисници не можат да преземаат обврски.

За да се преземат нови обврски до Советот на општината мора да се предложи нов извор на средства или да се предложи намалување на другите расходи во сразмерен износ, односно да се изврши пренамена на средствата.

**Член 5**

Градоначалникот на општината ја следи реализацијата на планот на приходите и другите приливи, како и извршувањето на расходите по програми и подпрограми и други одливи на основниот буџет на општината, на буџетот на дотациите, како и на приливите од кредитот.

**Член 6**

Пренамената во рамките на одобрените буџети на буџетските корисници и подпрограми ја одобрува Советот на општината.

Одобрените средства со буџетот на ниво на ставка во рамките на потпрограма и буџет, не може да бидат намалени повеќе од 20% со прераспределбите во тековната фискална година.

Во Буџетот не може да се врши пренамена со која се зголемува буџетот одобрен за плати и надоместоци и намалуваат одобрените средства за одредени капитални програми, со исклучок ако тоа е предизвикано од промена на Законски одредби, кои ги регулираат платите и надоместоците, но не повеќе од 10% од вкупно планираните плати и надоместоци.

**Член 7**

Буџетските корисници, во услови кога во буџетот на самофинансирачки активности; буџетот на донации и/или буџетот на дотации, планираните приходи и други приливи не се реализираат односно се реализираат над планираниот износ, доставуваат барање за намалувањ, односно зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства во овие буџети, кои градоначалникот ги доставува до Советот на општината на одобрување.

**Член 8**

Буџетските корисници по усвојувањето на буџетот изготвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства. Користењето на средствата во даден квартал буџетскиот корисник го извршува врз основа на финансискиот план по месеци.

**Член 9**

Исплатата на платите на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во буџетот, односно нето платите се утврдуваат:
- за избраните и именуваните лица ( Градоначалник), појдовната основа за 1 коефициент изнесува 25.726,00 денариа.
- за вработените кои имаат статус на државни службеници вредноста на бодот за пресметување на бруто плата изнесува 73,85 денари, а за вработените кои немаат статус на државни службеници, вредноста на бодот за пресметување на бруто плата изнесува 11,86 денари.

Ако Владата на Р.М. донесе одлука за нова вредност на бодот, ќе се применува новата вредност.

**Член 10**

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во основните училишта и детската градинка ( во понатамошниот текст локални јавни установи) ќе се финансираат од блок дотации од општинскиот буџет под контрола и одобрување на Министерство за финансии и ресорните Министерства.

Локалните јавни установи се должни три дена пред исплатата на платите до општината да достават барања за одобрување на средства за исплата на плати и надоместоци кон кои ќе ги приложат образците ПДД-МП и МП-1, копија од рекапитуларот за пресметаните нето и бруто плати, образец Ф1 за бројот на вработените по име и презиме и други податоци во електронска и пишана форма.

**Член 11**

На членовите на Советот на општина Ѓорче Петров им се исплаќа месечен надоместок за присуство на седниците на Советот и надоместок на патните и дневни трошоци.

Месечниот надоместок на членовите на Советот на општината за присуство на седниците на Советот се утврдува согласно бројот на жители на општината во процентуален износ од 60% од просечната месечна нето плата во Република Македонија исплатена за претходната година.

На Претседателот на Советот на општината за раководењето и организирањето на работата на Советот, надоместокот од став 2 на овој член се зголемува за 30%.

**Член 12**

На вработените во општинската администрација се исплаќа надоместок за годишен одмор во висина од 60% од просечна нето плата исплатена за последните три месеци во Републиката.

**Член 13**

Трошоците за сместување и патување при службени патувања, кога не паѓаат на терет на организаторот, ги надоместува општината од Буџетот.

За патување во странство дневницата се исплатува во висина од 35% од утврдената во Уредбата од Влада на Р.М.Кога трошокот за сместување паѓа на терет на организаторот не следува дневница.

За користење на сопствено возило за службени цели се исплаќа надоместок од 30% од вредноста на горивото за поминат километар, но не повеќе од 3.500,00 денари.

**Член 14**

Во случај на боледување подолго од шест месеци и во случај на потешки последици од елементарни непогоди во смисла на Законот за заштита и спасување, и други случаи на вработниот во општината и локалната јавна установа му се исплатува помош во висина од една последно исплатена просечна месечна плата во органот каде што е вработен.

**Член 15**

Во случај на смрт на вработен во општинската администрација или во Локална јавна установа на неговото семејство му се исплаќа парична помош во висина од две последни исплатени просечни месечни плати во органот каде што е вработен, но не повеќе од 30.000,00 денари .

На вработен во општинската администрација и во Локална јавна установа во случај на смрт на член од потесното семејство (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посинок, посвоено дете и дете земено на издржување), доколку живеел во заедница, му припаѓа парична помош во висина на една последна исплатена просечна месечна плата во органот во кој е вработен, но не повеќе од 15.000,00 денари. Живеењето во заедница подразбира да се со исто место на живеење на иста адреса што се докажува со документ за идентификација (лична карта или пасош).

На вработен во општинската администрација и во Локалната јавна установа кој ќе замине во пензија му следува надоместок во вид на отпремнина во висина од две просечно месечни нето плати. Висината на овој надоместок се пресметува врз основа на просечна месечна нето плата во Републиката објавена до денот на исплатата.

Надоместоците од ставовите 1, 2 и 3 од овој член се исплатуваат по претходно доставено барање во тековната односно наредната година.

Исплатите на надоместоците од претходниот став се вршат по претходно оформена и комплетирана документација и донесено решение од страна на Градоначалникот на општината, од програмите Д0- Градоначалник, за вработените во локалните јавни установи и од Е0-Општинска администрација, за вработените во општинската администрација, а од позиција 464 - Други трансфери.

**Член 16**

Исплата на јубилејни награди на вработените се врши согласно закон и Колективен договор на ниво на дејност.

**Член 17**

За користење на средствата утврдени во буџетот на општината во рамките на резервите (постојана и тековна буџетска резерва), кои неможе да надминат износ од 3% од вкупно планираните средтва во основниот буџет на општината, одлучува Советот на општината.

По исклучок за користење на средствата од тековната резерва до износ најмногу до 50.000,00 денари одлучува Градоначалникот. За искористените средства Градоначалникот е должен да поднесе годишен извештај за користењето на средствата од резервите до Советот на општината.

**Член 18**

Користењето на средствата од буџетот на општината за вршење на функциите на општината, а кои се однесуваат за набавки на стоки и услуги, се врши со фактури во кои посебно се искажуваат расходите по поодделни ставки, почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки.

Набавката на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со сметкопотврди во случај кога за расходите неможе да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи во противвредност од **6.000,00** денари**,** каде задолжително мора да биде приложена фискална сметка, при што расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

**Член 19**

Средствата утврдени во Буџетот и распоредени во поодделните програми и потпрограми ги извршува Градоначалникот на општината.

**Член 20**

Нови вработувања во општинската администрација за државни службеници можат да се вршат само под услов, ако за тоа се обезбедени средства во буџетот на општината, а врз основа на претходно добиена согласност од Агенцијата за државни службеници.

Во случај на нови вработувања во Локалните јавни установи, истите се должни да обезбедат согласности од надлежно Министерство.

**Член 21**

Кога приходите што му припаѓаат на Буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на Товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на товар на другите приходи на Буџетот.

Повратот на погрешно, на повеќе уплатени, односно наплатени приходи се врши со решение на градоначалникот на општина Ѓорче Петров, освен во случаите каде надлежноста им припаѓа на други органи.

**Член 22**

Буџетот на Општина Ѓорче Петров се извршува од 01.01.2014 до 31.12.2014 година.

**Член 23**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Ѓорче Петров", а ќе се применува од 01 Јануари 2014 година.

**Број 07- 3991/4**
**од 18.12. 2013 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Правилник за условите, начинот и постапката за издавање под закуп на спортски објекти**

Се објавува Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање под закуп на спортски објекти, што Советот на Општина Ѓорче Петров го донесе на Четернаесетата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 18.12.2013 година.

**Број 08-4108/3**
**од 19.12.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 и член 67 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на Република Македонија" бр. 05/02), член 16 став 1 точка 10 од Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров" бр. 05/06) Советот на Општина Ѓорче Петров на 14-тата седница одржана на ден 18.12.2013 година, донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА УСЛОВИТЕ, НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ ПОД ЗАКУП НА СПОРТСКИ ОБЈЕКТ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се регулираат условите, начинот и постапката за издавање под закуп, на спортските објекти сопственост на Општина Ѓорче Петров, формирање и надлежност на комисијата за спроведување на постапката, утврдување на почетна цена и составните елементи на договорот за закуп за издавање на спортски објекти.

Член 2

Спортските објекти сопственост на Општина Ѓорче Петров се издаваат под закуп, со јавно огласување.

Спортските сали, фискултурните сали во основните училишта, фудбалските терени, повеќнаменските игралишта и тениските игралишта се издаваат под закуп за спорт и рекреација, на физички и правни лица.

Член 3

Спортскиот објект се издава под закуп на определено време и истиот неможе да се издава во подзакуп.

Член 4

Спортските објекти може да се издадат под закуп само доколку:

- за време на издавањето не е во функција на воспитно образовниот процес или издавањето не ја попречува функцијата, текот и квалитетот на воспитно образовниот процес;
- не се загрозува безбедноста на учениците, како и лицата што ќе го користат закупениот спортски објект;
- намената заради која се издава не доведува до негово оштетување.

## II. НАЧИН ,УСЛОВИ И ПОСТАПКА ЗА ИЗДАВАЊЕ ПОД ЗАКУП НА СПОРТСКИ ОБЈЕКТИ

Член 5

Издавањето на спортските објекти под закуп се врши по пат на прибирање на затворени писмени пријави преку јавен оглас.

На огласот можат да пријават учество сите домашни и странски правни и физички лица под услови утврдени со закон и овој Правилник.

Огласот се објавува од страна на Општина Ѓорче Петров во најмалку еден печатен медиум за јавно информирање и на WEB страната на Општината.

Рокот за пријавување изнесува 8 дена од денот на објавата на огласот.

Член 6

Огласот за издавање под закуп на спортски објект содржи:

- назив и адреса на органот кој го распишува;
- местоположба на спортскиот објект;
- намената на спортскиот објект;
- напомена дека спортскиот објект се издава во видена состојба;
- рок на траење на огласот;
- начин на пријавување на огласот;
- износ на почетна месечна закупнина;
- критериум за избор на најповолен понудувач;
- време на издавање;

- доказ за уплатен износ за учество на огласот во висина на едномесечна почетна закупнина.

Член 7

Понудувачите кои учествуваат на јавниот оглас кон пријавата треба да доставaт:

А) За правни лица:

- Доказ за регистрирана дејност;
- копија од тековна состојба на правното лице издадена од Централен Регистар на Република Македонија;
- доказ за уплатениот износ за учество на огласот;
- овластување издадено од одговорно лице на правното лице;
- тел. за контакт, адреса и е-маил адреса;
- жиро сметка.

Б) За физички лица:

- доказ за идентитет (лична карта или патна исправа);
- доказ за уплатениот износ за учество на огласот;
- тел. за контакт, адреса и е-маил адреса;
- трансакциска сметка.

Член 8

Потребната документација за учество на огласот се доставува по пошта или во архивата на Општината.

Пријавите и документацијата се доставуваат во затворен плик со ознака „ не отварај" и со назнака „за оглас за издавање под закуп на спортски објект "и бројот на повикот.

Пликот не смее да содржи никаква ознака која би можела да го идентификува понудувачот.

Пријавата се доставува во еден оригинален примерок, кој треба да биде потпишан и заверен од одговорното лице на понудувачот.

Член 9

Пристигнатите пријави ги отвара и разгледува Комисијата без присуство на пријавените кандидати.

Некомплетните и ненавремено доставените пријави Комисијата нема да ги разгледува и за истото ги известува понудувачите.

Член 10

Критериум за избор на најповолен понудувач е највисоко понудена закупнина.

Јавно наддавање се спроведува доколку се јават најмалку двајца заинтересирани понудувачи со иста понудена закупнина.

Комисијата ги известува понудувачите за времето и местото за јавното наддавање.

Ако на огласот се јави само еден заинтересиран понудувач, се склучува договр со истиот доколку ги исполнува условите предвидени во јавниот оглас.

Ако на огласот за издавање на спортски објект не се јават заинтересирани понудувачи, се распишува и објавува повторен оглас.

Незадоволните понудувачи кои учествувале на јавното наддавање имаат право на приговор во рок од 3 (три) дена сметано од денот на завршувањето на јавното наддавање.

Приговорот се поднесува преку Комисијата до Градоначалникот на Општината. Решението на Градоначалникот по приговорот е конечно.

Член 11

По завршување на повторниот оглас, слободниот спортски објект за кои не се јавил ниту еден заинтересиран понудувач, во текот на годината можаат да се издаваат со склучување на договор со непосредна спогодба со заинтересирано правно или физичко лице под услови објавени во јавниот оглас, за пократок период од една година , односно најмалку за еден месец.

Член 12

За издавањето под закуп на спортскиот објект помеѓу Општина Ѓорче Петров и понудувачот се склучува Договор за издавање под закуп на спортски објект на определено време.

Договорот за издавање под закуп, се склучува во рок од 3 (три) дена сметано од денот на истекувањето на рокот за приговор, а доколку има приговор се склучува по завршување на постапката по приговорот.

Доколку избраниот понудувач не пристапи кон склучување на договор во предвидениот рок од став 2 на овој член, ќе се смета дека се откажал, а општината ќе може да склучи договор за закуп со наредниот најповолен понудувач и доколку и тој не пристапи кон склучување на договор во предвидениот рок, општината ќе може да склучи договор со непосредна спогодба со заинтересиран кандидат.

Во случај од став 3 на овој член, на понудувачите не им се враќаат депонираните средства за учество на огласот.

На останатите понудувачи на огласот им се враќаат депонираните средства во рок од 3 (три) дена од денот на завршување на постапката за јавно наддавање.

Член 13

Договорот за закуп се склучува за време од една година.

Закупецот може со писмена согласност од Општина Ѓорче Петорв да врши вложувања во спортскиот објект, висината на вложувањата ги утврдува Комисијата за издавање под закуп на спортски објекти, во тој случај договорот може да се склучи и за подолг период, но не повеќе од 10 години , и тоа:

| За вложувања до : ( во денарска противредоност ) | Времетраење на договорот |
|---|---|
| 3000 евра | 2 години |
| 4000 евра | 3 години |
| 6000 евра | 4 години |
| 8000 евра | 5 години |
| 10000 евра | 6 години |
| 15000 евра | 7 години |
| 20000 евра | 8 години |
| 30000 евра | 9 години |
| Над 30000 евра | 10 години |

Доколку закуподавачот одлучи спортскиот објект да го дава под закуп и по истекот на рокот од став 2 на овој член, закупецот ќе има право на прединство, при исти услови со други заентересирани лица.

Член 14

Во случај на стечај, ликвидација и дргуги случаи на престанок на вршењето на дејноста од страна на корисникот престанува да важи Договорот за издавање под закуп.

По престанок на важноста на Договорот за закуп, по кој и да било основ, закупецот е должен да го предаде спортскот објект на Општина Ѓорче Петров, записнички во исправна состојба, во која што го примил.

Член 15

Во случај на смрт или траен инвалидитет на корисникот , Општина Ѓорче Петров може без јавен оглас да го продолжи Договорот за издавање под закуп на спортски објект со член од неговото најтесно семејство под услов да достави Барање за тоа и да ги исполнува условите утврдени со Договорот.

Како членови од најтесно семејство се сметаат брачниот другар и полнолетните деца на корисникот.

## III. КОМИСИЈА ЗА ИЗДАВАЊЕ ПОД ЗАКУП НА СПОРТСКИ ОБЈЕКТ

Член 16

Постапката за издавање под закуп на спортските објекти ја спроведува Комисијата за издавање под закуп на спортски објекти согласно овој Правилник.

Комисијата за издавање под закуп на спортски објекти ја формира Градоначалникот.

Комисијата е составена од пет члена од кои три члена се од редот на општинската администрација во Општина Ѓорче Петров и два члена од редот на членовите на Советот на Општината.

Комисијата е надлежна да:

- распише оглас за издавање под закуп на спортски објекти;

- ги утврди критериумите за издавање под закуп на спортски објекти согласно овој Правилник;
- ги отвори и разгледа пристигнатите понуди;
- утврдува најповолна понуда;
- утврдува листа на кандидати кои понудуле највисока цена согласно утврдените критериуми;
- доставува предлог до Градоначалникот за издавање под закуп на спортски објект;
- го утврдува чекорот на наддавање;
- го утврдува времето на издавање на спортскиот објект
-Ја утврдува висината на вложувањата на закупопримачот
-Ја утврдува висината на почетната закупнината, доколку се издава целокупниот спортски објект,

Член 17

Комисијата работи на седници што ги свикува и со кои раководи претсетателот на комисијата кој се грижи за правилно и законито работење на истата.

За текот на седницата на Комисијата и за донесените одлуки се води Записник на кој се потпишуваат сите присутни членови на Комисијата.

## III. УТВРДУВАЊЕ НА ПОЧЕТНА ЦЕНА

Член 18

Закупнината се определува во евра, а се плаќа во денарска противредност според среден курс на НБРМ, сметано на денот на фактурирањето.

Член 19

Висината на почетната закупнина за издавање на фискултурните сали во основните училишта изнесува 10 евра за час.

Член 20

Висината на почетната закупнина за издавање на Спортска сала "Христо Батанџиев" изнесува 20 евра за еден час.

Член 21

Висината на почетната закупнина за издавање на тениските игралишта изнесува 3,5 евра за еден час, доколку се издава целокупниот спортски објект, висината на почетната закупнина ќе биде утврдена од страна на Комисијата за издавање под закуп на спортски објекти.

Член 22

Висината на почетната закупнина за издавање на фудбалските игралишта изнесува 10 евра за еден час, доколку се издава целокупниот спортски објект, висината на почетната закупнина ќе биде утврдена од страна на Комисијата за издавање под закуп на спортски објекти.

Член 23

Висината на почетната закупнина за издавање на повеќенаменските игралишта изнесува 10 евра за еден час., доколку се издава целокупниот спортски објект, висината на почетната закупнина ќе биде утврдена од страна на Комисијата за издавање под закуп на спортски објекти.

Член 24

Средствата од издавањето на спортските сали, фискултурните сали во основните училишта, фудбалските и повеќенаменските терени и тениските игралишта се приходи на Општината и служат за нивно редовно одржување.

## V. ЕЛЕМЕНТИ НА ДОГОВОР

Член 25

Договорот за издавање под закуп ги содржи следниве елементи:

- Страни на договорот;
- Предмет на договорот:
- Опис на простор (адреса, површина);
- начин на давање на издавање;
- Висина на надоместокот и рокови на плаќање;
- Рокот на важност на договорот;
- Услови за раскинување на договорот.

Член 26

Во текот на траење на Договорот за издавање под закуп на спортскиот објект закупецот е должен:

- на Општина Ѓорче Петров да и достави адреса за доставување на писма, при што ќе изјави дека секое доставување на писмата од страна на општината на таа адреса, ќе се смета полноважно.
- да ја извести Општината за секоја промена на седиштето, адресата статусни и слични промени жиро сметките и слично.
- да барање на овластено лице од Општината да му даде на увид доказ за измирени обврски.
- закупецот е должен да ја извести општината за евентуални временски периоди во кои нема да го користи просторот под закуп поради оправдани причини (летен и зимски распуст, елементарни непогоди и сл).

## VI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 27

Со донесување на овој Правилник престанува да важи Правилникот број 07-451/9 од 28.02.2012 година ("Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров" бр.2/2012).

Член 28

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од објавувањето во "Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 07-3991/5**
**Од 18.12.2013 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за ко-финансирање на проектот за "Реконструкција на дел од локален пат до с.Свиларе од спојот со локален пат кај Стопански Двор (Општина Ѓорче Петров) до границата со Општина Сарај"**

Се објавува Одлуката за ко-финансирање на проектот за "Реконструкција на дел од локален пат до с.Свиларе од спојот со локален пат кај Стопански Двор (Општина Ѓорче Петров) до границата со Општина Сарај", што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четернаесетата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 18.12.2013 година.

**Број 08-4108/4**
**од 19.12.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 15 став 1 од Законот на Град Скопје („Службен Весник на РМ“ бр.55/04) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.5/06) , Советот на Општина Ѓорче Петров на 14-тата седница одржана на ден 18.12.2013 година донесе

**ОДЛУКА**
**За ко-финансирање на проектот за "Реконструкција на дел од локален пат до с.Свиларе од спојот со локален пат кај Стопански Двор (Општина Ѓорче Петров)до границата со Општина Сарај"**

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува ко-финансирање на проектот "Реконструкција на дел од локален пат до с.Свиларе од спојот со локален пат кај Стопански Двор (Општина Ѓорче Петров) до границата со Општина Сарај".

**Член 2**

Проектот "Реконструкција на дел од локален пат до с.Свиларе од спојот со локален пат кај Стопански Двор (Општина Ѓорче Петров) до границата со Општина Сарај" се одобрува за ко-финансирање со цел аплицирање од страна на Општината со проектен предлог до Министерство за Локална Самоуправа/Биро за регионален развој/Програма за рамномерен регионален развој за 2014год.

**Член 3**

Општина Ѓорче Петров ќе ја ко-финансира реализацијата на Проектот доколку истиот биде избран за финансирање од страна на Министерство за локална самоуправа-Биро за регионален развој со 58% од вкупната вредност на Проектот. За оваа намена Општината ги има планирано овие средства во Програмата за урбано планирање Ф/ Подпрограма ФД, уредување на просторот во рурални подрачја (капитални расходи) за 2014 година.

Истата Програма е вградена во Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2014 година.

**Член 4**

Со донесување на оваа Одлука престанува да важи Одлуката број 07-2762/4 од 16.09.2013 година.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 07-3991/6**
**Од 18.12.2013година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател**
**Александар Стојкоски с.р.**